# Модул на е-учење

# Систем за следење и контрола на движењето на акцизни стоки (EMCS) – Модул на е-учење за Основна дејност

## Поенти на курсот

Ова е практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Вовед

Системот за следење и контрола на движењето на акцизни стоки (EMCS) – Основна дејност е наменет да ве обучи за учесниците вклучени во движењето на акцизните стоки и да ви помогне брзо и лесно да најдете што точно ви треба за главните процеси на EMCS.

Курсов се состои од следниве единици:

- Поднесување и прием
    - Стандардно сценарио
    - Ситуации кои можат да настанат
    - Потсетници за временски ограничувања
    - Следење
    - Варијанти
- Извоз
- Управување со податоците за регистрација
- Управување со референтните податоци.

### 1.1 Учебни цели

На крајот од курсот ќе може да управувате со:

- Поднесување и прием како дел од стандардното сценарио:
    - поднесувањето електронски административен документ (е-АД);
    - поднесувањето извештај за прием;
    - откажувањето или одбивањето на електронскиот административен документ (е-АД) како дел од стандардното сценарио;
    - промената на одредиштето на движењето или поделбата на пратката од испраќачот.
- Потсетници што се поврзани со поднесувањето и приемот:
    - при истекување на временското ограничување за пратката што целосно или делумно е одбиена или отфрлена;

    - при истекување на временското ограничување за ажурирање на полињата за одредиште;
    - при истекување на временското ограничување за примање на извештајот за прием.
- Следење на поднесувањето и приемот:
    - постапките на обработка по достава: распределбата на пораките со објаснувања за вишоци или кусоци во добиената пратка;
    - поднесувањето извештај за настан.
- Специфичните детали поврзани со другите варијанти на поднесувањето и приемот:
    - директна достава;
    - увоз;
    - привремено регистриран примач;
    - примач ослободен од плаќање акциза.
- За пратката што се движи под договор за одложено плаќање царина за акцизи:
    - локалното царинење при извоз;
    - работата при извозната испостава;
    - потврдата или откажувањето на излезот.
- Консултирање на:
    - информациите за регистрација;
    - јавните референтни податоци;
    - списокот на акцизни испоставви (EOL).

## 1.2 Карта на курсот




# 2 Поднесување и прием

## 2.2. Стандардно сценарио

Во овој дел ќе се запознаете со начинот на поднесување на е-АД како дел од стандардното сценарио.

Кој и што е вклучено:

**Испраќачот**: Трејдер што е овластен да испорача стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки.

**Примачот**: Трејдер што е овластен да прима стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки.

**Земја-членка на поаѓање: Ова е администрацијата на земјата-членка на испраќачот, одговорна за надзор на внатрешниот промет.**

**Земјата-членка на одредиште**: Ова е администрацијата на земјата-членка на примачот, одговорна за надзор на внатрешниот промет.

### 2.2.1. Поднесување на е-АД

Овластен држател на склад или регистриран испраќач сака да испрати стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки од даночен склад (или од местото на увоз во случај кога станува збор за регистриран испраќач) до друг даночен склад или, пак, до примач кој е овластен да ја прими стоката одложено плаќање царина за акцизи. Пред да ја испрати стоката, испраќачот мора да изготви и поднесе предлог е-АД. Земјата членка на поаѓање го заверува предлог е-АД и го препраќа до испраќачот и одредишната земја членка, која пак го препраќа до примачот.

### 2.2.2. Постапки при прием на стока

Во овој дел ќе видите како се поднесува извештај за прием како дел од стандардното сценарио.

При прием на стоката, примачот поднесува (електронски) извештај за прием со што потврдува дека стоката пристигнала на одредиштето.

Оваа тема ги покрива сите варијанти на достава освен извоз на стока (надвор од ЕУ) и примач кој е ослободен од плаќање акциза, поточно:

- Прием во даночен склад или од страна на регистриран примач.
- Прием од страна на привремено регистриран примач.
- Директна достава - ова не го овозможуваат сите земји-членки. Може да проверите дали примачот во SEED системот има дозвола за директна достава.

Во секој од овие случаи, можно е примачот да прифати прием на само дел од стоката, а да обие прием на другиот дел.

Кога примачот ја прима стоката, тој/таа мора да изготви и да поднесе предлог извештај за прием. Земјата членка на одредиште го проверува и заверува предлог извештајот за прием и го испраќа до земјата членка на поаѓање, која пак го препраќа до испраќачот.

Извештајот за прием мора да содржи информации за:

1. Идентификација (ARK) на примената пратка.
2. Идентификација на примачот.
3. Датум на достава.
4. Доколку постојат, листа на неправилности: кусок, вишок во количината.
5. Во случај на делумно или целосно одбивање на стоката, треба да се наведе најмалку една причина (по можност повеќе) за да се оправда одбивањето. Причините можат да бидат општи и да се однесуваат за целата пратка или пак на дел од пратката (наименуванија).

Примачот може да одбие да ја прими целата пратка, но тоа не го ослободува од обврската да изготви целосен извештај за прием.

Детален опис на податоците може да се најде во Табела 6 од Додаток 1 од најновата консолидирана верзија на Регулативата 684/2009.

**Сакате да видите други случаи?**

6. Во случај на увоз, погледнете „Увоз“.
7. Во случај на директна достава, погледнете „Директна достава“.
8. Доколку станува збор за привремено регистриран примач, види „Привремено регистриран примач“.
9. Доколку станува збор за примач ослободен од плаќање акциза, погледнете „Примач ослободен од плаќање акциза“.

## 2.3. Ситуации кои можат да настанат

### 2.3.1. „Откажување на е-АД“

Во овој дел ќе видите што се случува кога се поништува е-АД и што треба да направите.

Пред испраќање на стоката, испраќачот мора да подготви и да поднесе нацрт од е-АД што треба да го потврди земјата-членка на поаѓање. Испраќачот потоа може, од повеќе причини да одлучи да го откаже одобрениот е-АД.

1. Испраќачот поднесува предлог барање за откажување.
2. Земјата членка на поаѓање го проверува и го препраќа барањето за откажување.
3. Земјата членка на одредиште го препраќа барањето за откажување до примачот.
4. Испраќачот добива потврдено барање за откажување. Движењето на стоката сега е откажано;
5. Испраќачот сега може да поднесе нов е-АД.

### 2.3.2. Предупредување или одбивање на е-АД

Во овој дел ќе го видите предупредувањето или одбивањето на е-АД од страна на примачот, како дел од стандардно сценарио.

Пред пристигнување на стоката, примачот има право да испрати порака со која ги известува инволвираните земји-членки и испраќачот дека е-АД не се совпаѓа со неговата нарачка или дека тој не ја нарачал пратката. Ова се однесува на испраќање предупредување или на конкретно одбивање на е-АД. Примачот треба да испрати таква порака веднаш штом забележи несовпаѓање:

1. Испраќачот го изготвува предупредувањето или одбивањето на нацртот од е-АД или го поднесува до одредишната земја-членка.
2. Потврдување и регистрација на одредишната земја-членка
3. Земјата-членка на одредиште го проверува предупредувањето или одбивањето на е-АД.
4. Земјата-членка на поаѓање го препраќа потврденото предупредување или одбивање на е-АД до испраќачот.
5. Испраќачот го добива предупредувањето за или одбивањето на е-АД.

Предупредувањето или одбивањето на е-АД мора да содржи информации за:

- Иденитификација на пратката (ARK).
- Идентификација на примачот.
- датумот на предупредувањето или одбивањето.
- Глобалниот индикатор: предупредување или одбивање.
- причината за одбивање (доколку е одбиено). Потребна е најмалку една причина.

Детален опис за тоа како се пополнува предупредување/одбивање на е-АД може да се најде во Функционалните спецификации за системот за акцизи (FESS) што може да се преземат од веб-локацијата на EMCS:

https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/Excise-duties-alcohol-tobacco-energy/Excise-movement-control-system_en

### 2.3.3. Промена на одредиште

Во овој дел ќе се запознаете со постапката кога испраќачот сака да го промени одредиштето и во кои случаи тоа може да се спроведе.

За промена на одредиштето на движењето, испраќачот ажурира дел од информациите за да го прикаже новиот примач или новото место на достава. Е-АД се ажурира, не се откажува, а постарите информации остануваат достапни во случај на потреба. Само првичниот испраќач може да го ажурира е-АД.

1. Испраќачот изготвува и поднесува предлог ажурирана верзија на постоечки е-АД.
2. Земјата членка на поаѓање го проверува и препраќа ажурираниот е-АД.
3. Поранешната земја-членка на одредиште го известува поранешниот примач.
4. Земјата членка на одредиште го препраќа ажурираниот е-АД до новиот примач.
5. Испраќачот го добива ажурираниот е-АД.

### 2.3.4. Поделба на пратката (можно е само за енергетски производи)

Во овој дел ќе се запознаете со постапката кога испраќачот сака да ја подели пратката и во кои околности тоа може да се случи.

За време на движењето може да се јави потреба од поделба на пратката во два или повеќе дела наменети за различни одредишта. Оваа можност е ограничена на енергетски производи. Внимание: оваа постапка не ја овозможува секоја земја-членка. Проверете го ова во земјата-членка на поаѓање и одредишната земја-членка. За да го стори тоа, испраќачот доставува неколку нови е-АД како замена на стариот е-АД.

1. Испраќачот изготвува и поднесува нацрт за операција на поделба на постоечки е-АД.
2. Земјата членка на поаѓање го проверува и го препраќа барањето за поделба на операцијата.
3. Поранешната земја-членка на одредиште го препраќа заменското известување.
4. Новата одредишна земја(и) членка го препраќа новото(ите) е-АД-а.

Детален опис на проверките што се вршат може да се најде во Функционалните спецификации за системот за акцизи (FESS) што може да се преземат од веб-локацијата на EMCS:

https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/Excise-duties-alcohol-tobacco-energy/Excise-movement-control-system_en#heading_3

За да проверите кои земји дозволуваат поделба, посетете ја веб-локацијата за законодавството на EMCS (CED 691):

http://ec.europa.eu/taxation_customs/taxation/Excise_duties/circulation_control/legislation/index_en.htm

## 2.4. Потсетници за временски ограничувања

Кога пратката е одбиена целосно или делумно, земјата-членка на поаѓање вклучува тајмер. Пред да истече тајмерот, од испраќачот се очекува да издаде промена на одредиште, поделба на пратка (доколку е можно за енергетските производи) или откажување (доколку стоката не го напуштила местото на поаѓање). Доколку рокот истече, се испраќа порака - потсетник до испраќачот.

### 2.4.1. Истекување на временското ограничување кога пратката е делумно или целосно одбиена

Тајмерот за промена на одредиште се вклучува во посебни ситуации кои претставуваат отстапување од стандардното сценарио.

1. Земјата членка на поаѓање вклучува тајмер.
2. Кога тајмерот ќе истече, земјата членка на поаѓање му испраќа порака за потсетување на испраќачот.
3. Испраќачот добива порака -за потсетување.

### 2.4.2. Истекување на временското ограничување за ажурирање на полињата за одредиште (можно е само за енергетски производи)

По поднесување на е-АД за пренос на енергетски производи, националното законодавство може да одобри полињата за одредиштето да останат празни (член 22(1) од Директивата 2008/118/ЕЗ). Земјата членка на поаѓање вклучува тајмер кој треба да истече со истекот на рокот кога испраќачот мора да ги пополни овие полиња.

Овој процес се однесува на националниот домен. Описот во овој модул е само предлог до земјите членки кај кои може да постојат различни постапки.

1. При истек на тајмерот, земјата членка на поаѓање испраќа порака за потсетување до испраќачот.
2. Испраќачот испраќа одговор.
3. Земјата челнка на поаѓање го одбива или го потврдува одговорот.

### 2.4.3. Истекување на временското ограничување за примање на извештајот за прием

Откако е-АД е потврден, земјата-членка на поаѓање вклучува тајмер од датумот на испраќање до датум на истекување во рамките на даденото временско ограничување. Доколку не пристигне Извештај за прием во тој рок, земјата членка на поаѓање мора да испрати порака за потсетување до испраќачот и до земјата членка на одредиште.

1. Кога тајмерот истекува, земјата членка на поаѓање испраќа потсетници.
2. Земјата членка на одредиште го препраќа потсетникот до примачот.

3a. Примачот испраќа извештај за прием или порака -со објаснувањедо земјата членка на одредиште.

3b. Испраќачот може да испрати порака со објаснување до земјата членка на поаѓање.

4a. Доколку е потребно, земјата членка на поаѓање ја препраќа пораката со објаснување на Испраќачот до земјата членка на одредиште.

4b. Доколку е потребно, земјата членка на одредиште ја препраќа пораката со објаснување до земјата членка на поаѓање.

## 2.5. Следење

Во овој дел ќе имате можност да видите што се случува во текот на постапките на обработка по испорака: испраќањето на пораки со објаснувања од испраќачот и примачот за вишоци или кусоци во добиената пратка.

### 2.5.1. Обработка по достава

При достава на стоката, доколку се пријавени кусоци или вишоци во извештајот за прием, испраќачот или примачот може да испратат пораки со објаснувања за кусоците или вишоците. Пораките се испраќаат до земјите членки на поаѓање и одредиште.

1a. Испраќачот доставува објаснување за кусокот/вишокот;
1b Примачот доставува објаснување за кусокот/вишокот;
2a Земјата-членка на поаѓање го проверува и препраќа објаснувањето од испраќачот до земјата-членка на одредиште;
2b Земјата членка на одредиште го проверува и препраќа објаснувањето од примачот до земјата членка на поаѓање.

### 2.5.2. Поднесување извештај за настан

За време на акцизното движење (вклучително и движења за извоз) можат да се случат помали и поголеми настани, како на пример кражба, промена на превозното средство или уништување на возилото, стоката или придружниот документ.

Препорачливо е да поднесете извештај за настан колку е можно побрзо, бидејќи тоа може да има влијание врз исходот на движењето, на пр. значителни кусоци.

Поднесувањето на извештај за настан може да се случи во било кое време за време на акцизното движење.

Кој и што е вклучено?

- Лицето задолжено за известување: Лицето што е овластено да го пријави секој посериозен настан кај надлежните органи (пр. полиција) во земјата-членка на настанот.
- Подносител: Лицето (пр. испраќачот) кој е задолжен за поднесување информации поврзани со наков настан до надлежните органи за акцизи на засегнатата земја членка.
- Службеникот задолжен за акцизи: Лицето задолжено да го внесе извештајот за настан поднесен од лицето што го поднесува.

- Земјата-членка на поднесување: Земјата членка на поднесување е земјата-членка во која се поднесува извештајот за настан. Може да биде истата со земјата членка на настан, земјата членка на поаѓање или земјата членка на одредиште.
- Земја членка на настан: земја членка на настан е земја членка во која се случил настанот. Може да биде истата со земјата членка на поднесување, земјата членка на поаѓање или земјата членка на одредиште. Земјата членка на настан доделува единствен референтен број на извештајот и го препраќа до сите засегнати земји членки.

Извештајот за настан треба да го вклучува следново:

- Локална референтна шифра доделена на извештајот за настан.
- Референтна шифра на е-АД (АРК).
- Вид настан и поврзани информации.
- Место на настан.
- Информации за надлежната акцизна испостава.
- Идентитет на лицето- подносител.
- Повикување и информации за соодветни докази (документи).
- Доколку е потребно, информации за тоа кој ќе го организира новиот превоз.
- Доколку е потребно, информации за новиот превозник и детали за превозот.
- Опционални коментари и забелешки.

Детален опис за евидентираните информации во извештајот за настан може да се најде во Функционалните спецификации за системот за акцизи (FESS) што може да се преземат од веб-локацијата на EMCS:

https://ec.europa.eu/taxation_customs/business/Excise-duties-alcohol-tobacco-energy/Excise-movement-control-system_en#heading_3

## 2.6. Варијанти

### 2.6.1. Директна достава

Директна достава се случува кога стоката не е доставена ниту во даночен склад ниту во просториите на примачот, туку на сосема различна локација.

Директна достава не може да се изврши во сите земји членки. Секоја земја членка посебно одлучува дали ќе дозволи директна достава.

1. Испраќачот изготвува нацрт е-АД и го поднесува до земјата членка на поаѓање.
2. Земјата членка на поаѓање го проверува и го препраќа е-АД.
3. Примачот ја прима пратката.

### 2.6.2. Увоз

Во повеќето случаи местото на тргнување е даночен склад. Меѓутоа, движењето на стока под одложено плаќање на акцизни давачки може да започне и од местото на увоз. За место на тргнување се смета царинската испостава каде што се врши постапката на увоз, а испраќачот е економски оператор со статус на регистриран испраќач. Ова е случај само кога движењето во рамки на системот за контрола на акцизно движење започнува на место различно од акцизен склад.

1. Испраќачот изготвува нацрт е-АД и го поднесува до земјата членка на поаѓање.
2. Земјата членка на поаѓање го проверува е-АД.
3. Царинската испостава го споредува е-АД со декларираните податоци од увозот.
4. Испраќачот добива заверен е-АД.

### 2.6.3. Привремено регистриран примач

Главната разлика помеѓу ова и стандардното сценарио е дека овластувањето на примачот за SEED е за одредена количина, еден испраќач и наведен временски период. Стоката се смета дека е пуштена за промет при достава. Како резултат, примачот треба однапред да гарантира дека царината ќе биде платена кога ќе се достави пратката.

1. Привремено регистрираниот примач добива привремено одобрение и го известува испраќачот.
2. Испраќачот ја подготвува и ја испраќа пратката.

### 2.6.4. Примач ослободен од плаќање акциза

Основната разлика помеѓу ова и стандардното сценарио е тоа што примачот е ослободен од плаќање давачки при пристигнување на стоката под договор за одложено плаќање на акцизни давачки.

Некои организации, како што се дипломатско-конзуларни претставништва, меѓународни организации и оружени сили од земјите што се членки на НАТО се иземени од обврската за плаќање на царини на пратки под договор за одложено плаќање на акцизни давачки. Ова создаде подреба за воведување на Потврда за ослободување од акцизни давачки (хартиена).

1. Примачот ослободен од плаќање добива потврда за ослободување од обврската за плаќање акцизни давачки.
2. Испраќачот ја подготвува и ја испраќа пратката.

## 3 Извоз

Во овој дел имате можност да видите еден од можните начини за спроведување на постапка на извоз на стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки: Локално царинење при извоз.

Имате две опции при обработка на пратка која се движи под договор за одложено плаќање на акцизни давачки и треба да се извезе од Европската заедница:

- Локално царинење при извоз, каде испраќачот поднесува и нацрт од е-АД и извозна декларација од неговите простории.

- Извозна постапка кај извозната испостава, каде испраќачот поднесува само нацрт од е-АД од неговите простории. Стоката физички се пренесува до извозната испостава (по можност во друга земја-членка), каде што потоа се поднесува извозна декларација.

## 3.1. Локално царинење при извоз

Локално царинење при извоз е еден од двата можни начини за спроведување на извоз на стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки. Ова му овозможува на извозникот, доколку поседува посебни одобренија издадени од царина, да ја спроведе целата постапка од неговите простории.

Кој и што е вклучено?

- Испраќачот: Трејдер што е овластен да испорача стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки.
- Земјата-членка на поаѓање/извоз: Ова е администрацијата на земјата-членка на испраќачот, одговорна за надзор на внатрешниот промет.
- Извозната испостава: Ова е администрацијата на земјата-членка на испраќачот, надлежна да потврди дека информациите на поднесениот е-АД се совпаѓаат со извозните информации.

1. Испраќачот изготвува е-АД и го поднесува до земјата членка на поаѓање/извоз.
2. Земјата членка на поаѓање/извоз го проверува предлог е-АД.
3. Испраќачот поднесува извозна декларација до извозната царинска испостава.
4. Извозната царинска испостава ја потврдува извозната декларација.
5. Земјата членка на поаѓање/извоз вкрстено ги проверува извозните податоци со е-АД.

## 3.2. Работа при извозната испостава (надвор од ЕУ)

Кој и што е вклучено?

- Извозникот: Лицето во извозната испостава што ја поднесува извозната декларација со референца кон е-АД.
- Земјата-членка на извоз: Ова е администрацијата на земјата-членка во која се поднесува извозната декларација, надлежна да потврди сообразност на е-АД и извозните информации.
- Извозната испостава: Ова е царинската управа на земјата-членка во која се поднесува извозната декларација, надлежна да ги потврди извозните информации.
- Земја-членка на поаѓање: Ова е администрацијата на земјата-членка на испраќачот, одговорна за надзор на внатрешниот промет.

1. Извозникот ја поднесува извозната декларација.
2. Извозната царинска испостава ја потврдува извозната декларација.
3. Земјата членка на извоз вкрстено ја проверува извозната декларација со е-АД.
4. Извозната испостава ги разгледува резултатите од споредбата.
5. Извозната царинска испостава ги регистрира резултатите од споредбата со проверка.
6. Земјата-членка на поаѓање ги препраќа резултатите од извозната операција до испраќачот.

## 3.3. Потврда или откажување на излезот

Темата детализира што се случува во крајната фаза на извозниот процес. За завршување на извозна постапка (локално царинење при извоз или операција кај извозна испостава), EMCS бара резултат од ECS. По примањето на резултатот, EMCS им го соопштува на сите инволвирани страни.

Кој и што е вклучено?

- Испраќачот: Трејдер што е овластен да испорача стока под договор за одложено плаќање на акцизни давачки.
- Системот за контрола на извоз (ECS): Дел од транс-европскиот систем што е овластен за контрола на извозните операции.
- Земјата-членка на извоз: Ова е администрацијата на земјата-членка во која се поднесува извозната декларација.
- Земја-членка на поаѓање: Ова е администрацијата на земјата-членка на испраќачот, одговорна за надзор на внатрешниот промет.

1. Земјата членка на извоз креира извештај(и) за извоз.
2. Земјата членка на поаѓање го препраќа извештајот (ите) за извоз до испраќачот.

# 4 Управување со податоците за регистрација

Во овој дел ќе видите како економските оператори можат да пристапат до информациите за регистрација.

## 4.1. Ситуации кои можат да настанат

Освен до својот запис (преку потврда на акцизното одобрение), економскиот оператор не може да пристапи до информациите за регистрација (SEED), па затоа тој мора информациите да ги бара директно од други економски оператори. Но, постои начин за проверка на информациите. Секој економски оператор има можност да ја искористи јавната функција достапна на веб страната Europa и да ја провери валидноста на акцизниот број за конкретна категорија на стока и конкретен датум.

Кој и што е вклучено?

- Барателот: секое лице што поднесува барање.
- Услугата SEED-on-Europa: јавната функција на веб-локацијата на Europa враќа одговор.

# 5 Управување со референтните податоци

Економскиот оператор може да ги добие неопходните референтни податоци од администрацијата на земјата-членка. Тие информации содржат дел од листата на шифри, вклучувајќи ги и категориите на акцизни производи и шифри на акцизни производи. Земјите членки немаат обврска да обезбедат референтни податоци на своите економски оператори.

## 5.1. Консултирање на јавните референтни податоци

Кој и што е вклучено?

- Економски оператор: Било кој економски оператор на кој му се потребни веродостојни и ажурирани референтни податоци.

- Надлежните органи за земја членка: Органите на Земјите членки надлежни за чување и доставување на веродостојни и прецизни референтни податоци.

## 5.2. Одржување и распределба на EOL

Европската Комисија и земјите членки имаат заедничка листа на царински и акцизни испостави, со информации за контакт и опис на улогите на секоја од испоставите.

Деталите за испоставата која е надлежна за одреден економски оператор кој се занимава со акцизна стока се пренесуваат согласно националните процедури.

Корисниците на EMCS можат да се консултираат со веб-локацијата на Europa за да ги прегледаат улогите на испоставите.

Ова е посебно интересно за трејдери со акцизи што се вклучени во активности за извоз и увоз.

За увоз, трејдерите може да дознаат кои испостави се овластени да се справуваат со увозни декларации.

За извоз, трејдерите може да дознаат кои испостави имаат улога на извоз, а кои имаат улога на излез.

Овие информации не се достапни преку SEED и може да помогнат во избегнувањето на грешките при пополнување на е-АД за извозни пратки.

Списокот на царински испостави е достапен на веб-локацијата на Europa:
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds2/col/col_search_home.jsp?Lang=en

Системот за следење и контрола на движењето на акцизни стоки има висока стапка на достапност.

Во ретките случаи на недостапност, достапни се резервни документи за е-АД:

- Извештај за прием/извоз
- Промена на одредиште
- Поделба и откажување.

Резервните документи што ги препорачува ЕУ се објавени на CIRCABC: CIRCABC/Група за индиректни даночни експерти/Библиотека/Препораки/Стандардизиран резервен придружен документ (FAD)/конечни обрасци за FAD.

Земјите-членки може да ги користат препорачаните од ЕУ или си имаат своја национална верзија.

На економските оператори им се советува да контактираат со нивниот надлежен национален орган.

Оваа група на интереси е отворена само за европските институции и националните администрации. Од апликантите се бара да го пополнат својот профил и да го направат видлив за групата, како што се бара на првата страница од оваа.

Група CIRCACB за Е-Царина:

Од CIRCABC Главно мени / Јас / Мој налог / пополнете го и направете го видлив од „Опции за корисниците". Не пропуштајте да ги зачувате промените во горниот дел од страницата.

Новата онлајн-услуга на TAXUD, следење на ARC, достапна е од март 2019 година на https://ec.europa.eu/taxation_customs/dds2/arc
(исто така достапно од страницата на Europa https://ec.europa.eu/taxation_customs/online-services-and-databases-taxation_en).

Следење на ARC е нова услуга посветена на економските оператори и службениците од земјите-членки којашто ја прикажува состојбата на движењето на EMCS (преку бројот ARC), преку веб-локацијата на Europa. Дизајнот и имплементирањето на оваа услуга се засноваа на добро познатото следење на ECS MRN.

Оградување од одговорност: Само пораките што се разменети по март 2019 година во моментов може да се пребаруваат во следењето на ARC. Мигрирањето на постарите пораки ќе се одвива во следните денови.

Пристап до нерегистрираните курсеви за е-учење е достапен преку веб-локацијата на EUROPA: [https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en.](https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en)

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот. Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за надомест на штета во поглед на оваа обука.*